Стопанска комора на Македонија     Мапа  Контакт




**<u>Групација за противпожарна заштита и безбедност при работа</u>**

На седницата на Групацијата противпожарна заштита и безбедност при работа одржана на 23.11.2012 година во Стопанската комора на Македонија членките на Групацијата расправаа за иницијативи за измени и дополнување на Законот за пожарникарство и Законот за инспекциски насзор, како и за актуелните состоби во оваа дејност.

На седницата беа презентирани сите досегашни активности кои се реализираа со Дирекцијата за заштита и спасување по однос на измени на законските и подзаконските акти од оваа облст, како и за нелојалната конкуренција и недоволната соработка со надлежните институции и инспекциии.

Како приоритетни прашања за разрешување и дополнување на законските одредби, Групацијата ги посочува одредбите каде се регулирани користењето, одржувањето, сервисирањето и испитувањето на уреди, опрема и средства за гасење на пожари, испитување и поправка на ПП опрема кај ПП единиците.

Посебен проблем во работењето на компаниите од овој сектор е нередовната контрола на инспекциските служби кои го контролираат редовното одржување и сервисирање на против пожарните апарати за кое се побара доследно спроведување на Законот за инспекциски надзор и редовна контрола на инспекциските служби.

На седницата се посочија проблеми за дефинирање која институција ги спроведува и контролира уреди, опремата и средствата за гасење, во согласност со прописите за стандардизација акредитација и оценка за сообразност. Се посочи дека е потребно поконкретно да се дефинираат техничките нормативи стандарди и да се укаже на задолжителните постапки при одржување сервисирање и испитување на ПП согласно со техничките нормативи стандарди и упатства на производителот.

Исто така, се укажа на потребата за донесување на поблиски прописи од страната на Дирекцијата за заштита и спасување, за начинот  постапката и роковите во кои треба да се изврши испитувањето на ПП опремата бидејки се работи за опрема од која зависат животите на пожарникарите и на животите на настраданите во несреќи.

За разрешување на актиелните проблеми членките заклучија да се достават предлози за измени и дополнување на Законот за пожарникартство и истите на зедничка средба да се разгледаат со преставници на Дирекцијата за заштита и спасување.

Војкан Николовски